# Водич за спроведување на кооперативна обука од конзорциуми за стручно образование и обука, поддржани од Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ)

# Содржина

**Кратенки** **3**

**Поимник** **3**

**Вовед** **4**

**1 Преглед на кооперативната обука** **5**

1.1 Пристап на кооперативната обука 5
1.2 Принципи на кооперативната обука 5
1.3 Главна цел: Да се зголеми можноста за вработување на практикантите 6
1.4 Придобивки од кооперативната обука за претпријатијата 7
1.5 Придобивки од кооперативната обука за Установите за стручно образование и обука 8

**2 Чекори за спроведување на кооперативата обука** **9**

2.1 Преглед 9
2.2 Подготовка за кооперативната обука 12
2.2.1 Идентификување на партнери за кооперативна обука за да се формира Конзорциум за стручно образование и обука 12
2.2.2 Воспоставување на конзорциум за стручно образование и обука 12
2.2.3 Развој на програмата за кооперативна обука 14
2.2.4 Обука на координатори за кооперативна обука 15
2.2.5 Дополнителна обука на обучувачи во претпријатијата 16
2.2.6 Дополнителна обука на наставници за стручно образование и обука 17
2.3 Спроведување на кооперативната обука 18
2.3.1 Упис на практиканти во Програмата за кооперативна обука 18
2.3.2 Склучување на Договори за обука 18
2.3.3 Координирање на реализацијата на кооперативната обука 19
2.3.4 Следење и процена на активностите за кооперативна обука и известување 20
2.4 Проценка и сертифицирање на кооперативната обука 20
2.4.1 Развој на алатки за проценка 21
2.4.2 Заедничка проценка на резултатите од учењето на кооперативната обука 21
2.4.3 Формално сертифицирање на квалификацијата 22

## Кратенки

| | |
|---|---|
| КО | Кооперативна обука |
| КЦФ | Фонд за предизвици на Косово |
| КфВ | KfW Entwicklungsbank \| Германска банка за развој |
| С&П | Следење и процена |
| РЦФ | Регионален фонд за предизвици |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| СОО | Стручно образование и обука |
| УСОО | Установа за стручно образование и обука |

## Поимник

| | |
|---|---|
| Програма за кооперативна обука | Програма за кооперативна обука која е заеднички спроведувана од Установи за стручно образование и обука и претпријатија – соработници (соодветна домашна терминологија е практична обука кај работодавач или учење преку работа) |
| Конзорциум за стручно образование и обука | Конзорциум од најмалку 1 Установа за стручно образование и обука и најмалку 2 претпријатија - соработници кои планираат заеднички да спроведат програма за кооперативна обука |
| Проект за стручно образование и обука | Сите активности на конзорциумот за стручно образование и обука и мерки за поддршка добиени од Регионалниот фонд за предизвици кои имаат за цел спроведување на програмата за кооперативна обука од страна на конзорциумот за стручно образование и обука |
| Модул за обука | Дел од програмата за обука (= фаза на обука), која се одвива во Установата за стручно образование и обука или во претпријатијата |
| Практиканти | Во домашната терминологија соодветен термин кој се користи е ученици односно учесници во обуката |
| Обучувач во претпријатие | Во домашната терминологија соодветен термин кој се користи е ментор. Менторот има завршено обука за која се добива Сертификат за ментор |

# Вовед

**Целта на овој документ е да се објасни пристапот на кооперативна обука (скратено: КО) и чекорите поврзани со спроведувањето кои се неопходни за успешно да се воспостави кооперативна обука преку конзорциуми за стручно образование и обука.** Неговата намена е да обезбеди насоки за тоа како може да се постигне значително учество на бизнис секторот во спроведувањето на стручното образование и обука.

Со цел да се обезбеди преглед на концептуалната основа на кооперативната обука, во поглавјето 1 се опишани главната намена, општите критериуми и предностите на овој пристап кон обуката.

Во поглавјето 2 се објаснети чекорите за спроведување (подготовка за кооперативната обука, спроведување на кооперативната обука, проценка на кооперативната обука) кои се неопходни за да се развие кооперативната обука во рамките на конзорциумите за стручно образование и обука. На почетокот од поглавјето 2 со краток преглед се резимирани чекорите за спроведување (погледнете ги табелите за преглед, поглавје 2.1). Понатаму, детално се опишани овие чекори за спроведување (поглавја 2.2 – 2.4).

**Овој Водич ги опфаќа Установите за стручно образование и обука и партнерските претпријатија - соработници.** Водичот обезбедува јасна насока за тоа како треба да се подготви и да се организира кооперативната обука со цел да се осигура дека практикантите по стручно образование и обука ќе стекнат доволно практични компетенции и искуство на работното место, а со тоа значително ќе ја зголемат нивната можност за вработување.

# 1 Преглед на кооперативната обука

## 1.1 Пристап на кооперативната обука

**Пристапот на кооперативната обука има за цел да го вклучи деловниот сектор во текот на целосниот процес на развој, спроведување и проценка на стручното образование и обука.** Ова се темели на искуството дека понудите за стручно образование и обука треба да се соодветни на барањата за вештини на работното место.

Спроведувањето на кооперативната обука комбинира учење во центар за обука и учење во претпријатие на флексибилен начин со цел да се развијат вештини, знаење и однесување кај идните работници. Пристапот се заснова на согледувањето дека одредени аспекти на стручните компетенции најдобро се учат во соодветно прилагодена средина за учење т.е. Установа за стручно образование и обука, додека останатите аспекти на стручните компетенции најдобро се стекнуваат во рамките на работниот процес т.е. во реалното опкружување на работното место во едно претпријатие. Согласно на тоа, секоја локација за обука овозможува стекнување на овие аспекти од струката, за кои најмногу одговара и за кои има најрелевантно искуство. Истото согледување е одразено и во однос на проценките на вештини, кои ќе се спроведуваат во блиска соработка помеѓу Установата за стручно образование и обука и претпријатијата - соработници.

Во идеални услови, деловниот сектор треба да придонесе со својата стручност уште во фазата на анализа на побарувачката и при развојот на стандардите на занимања, кои ќе се преточат во стандарди на квалификации, а потоа во наставни програми за стручно образование и обука за соодветната квалификација.

## 1.2 Принципи на кооперативната обука

За да бидат подобни за финансирање од страна на Регионалниот фонд за предизвици, програмите за кооперативна обука треба да бидат дизајнирани во согласност со следните принципи, кои се одразени во критериумите за подобност и селекција на Регионалниот фонд за предизвици:

1. ***Заедничка одговорност***: Установите за стручно образование и обука и претпријатијата - соработници ќе преземат заедничка одговорност за планирањето, спроведувањето и следењето на проектите за стручно образование и обука како и за последователните проценки на вештини, додека Установите за стручно образование и обука ќе дејствуваат како предводник на соодветните конзорциуми за стручно образование и обука.
2. ***Договорна основа***: Спроведувањето на програмите за Кооперативна обука ќе се заснова на спогодбени договори на две нивоа: (а) договор за соработка помеѓу Установите за стручно образование и обука и партнерските претпријатија (пр. рамковен договор, меморандум за разбирање на ниво на конзорциум) и (б) договори за обука помеѓу Установите за стручно образование и обука, претпријатијата и практикантите.
3. ***Почитување на законските прописи***: Програмите за кооперативна обука мора да се во согласност со законските барања на надлежните органи за Стручно образование и обука и мора да водат до квалификација за стручно образование и обука која е признаена од државата, во согласност со Националната рамка на квалификации на односната држава од Западен Балкан (ЗБ6).
4. ***Почитување на стандардите на занимања, стандардите на квалификации и наставните програми***: Програмите за кооперативна обука ќе бидат во согласност со одобрените стандарди на занимања, стандардите на квалификации и генерално ќе ги следат одобрените наставни програми и/или насоките за наставна програма (доколку постојат). Колку што е изводливо и можно од правен аспект, наставните програми може да се адаптираат за да ги одразуваат специфичните барања за вештини на партнерските претпријатија. Долгорочно гледано, пожелно е проектите да се усогласат и да ги препознаат стандардите на ЕУ.

5. ***Пристап на кооперативна обука***: Додека теоретското образование и основната практична обука ќе се спроведуваат во Установите за стручно образование и обука, напредната и специјализирана практична обука ќе се врши во претпријатијата. Редовно наизменично ќе се менуваат неколку фази на обука во установата за стручно образование и обука и во претпријатието. Во идеален случај, фазите на обука во претпријатието ќе сочинуваат најмалку 25% од вкупното времетраење на обуката.
6. ***Назначување на координатори за кооперативна обука***: И Установите за стручно образование и обука и партнерските претпријатија треба да назначат координатори за кооперативна обука кои ќе бидат одговорни за планирањето, координацијата и следењето на кооперативната обука. Каде што е неопходно, обуката на координаторите за кооперативна обука ќе биде дел од проектот..
7. ***Обука на работното место***: За време на фазите на обука во претпријатието, практикантите ќе бидат активно вклучени во работниот процес и со тоа ќе стекнуваат практични релевантни вештини за работното место; едноставното набљудување на работните процеси не се смета за практична обука во претпријатието. Обуката во претпријатието ќе се врши од страна на обучувачи во претпријатието под координација на координаторот за кооперативна обука од соодветното претпријатие. Каде што е неопходно, обуката на обучувачи во претпријатието ќе биде дел од проектот.
8. ***Заедничка проценка на вештините***: Проценката на практичните вештини на практикантите ќе се развива и спроведува заеднички од страна на техничките експерти на Установите за стручно образование и обука и партнерските претпријатија.
9. ***Следење и известување***: Обучувачите и практикантите редовно ќе ги следат и евидентираат активностите и резултатите од обуката и ќе известуваат за нив на месечно ниво.

Овие критериуми се главна референтна точка за сите чекори на планирањето, спроведувањето и проценката на кооперативната обука кои се прикажани во поглавјето 2.

## 1.3 Главна цел: Да се зголеми можноста за вработување на практикантите

Придобивките од кооперативната обука за целната група во поглед на нивната можност за вработување во иднина се следните:

1. *Теоретско знаење и основни практични вештини:* Преку обуката во Установите за стручно образование и обука, практикантите стекнуваат теоретско знаење за да ги разберат контекстот и суштината на работата, како и да развијат основни практични вештини.
2. *Специфични практични вештини и изложеност на нова технологија:* Преку фазите за обука во претпријатието, практикантите ги стекнуваат оние практични вештини кои се важни на работното место, тие учат како соодветно да ја користат техничката опрема и да се запознаат со нови технологии.
3. *Знаење поврзано со работното место:* Учениците добиваат практично искуство во самата работна средина и стекнуваат знаење за процесите кои се поврзани со работата.
4. *Способност за решавање проблеми:* Кооперативната обука ја поддржува примената на теоретско знаење и практични вештини за решавање проблеми во реални работни ситуации.
5. *Зголемени „меки“ вештини:* Преку фазите на обука во претпријатието, практикантите развиваат позитивни работни навики и ставови и ја развиваат способноста да работат во тим.
6. *Опции за вработување и кариера:* Поврзаноста со претпријатијата им овозможува на практикантите да воспостават професионални контакти, да развијат перспективи за работа и да ја планираат својата понатамошна кариера. Практикантите со добри постигнувања честопати добиваат можност за редовно вработување во претпријатието по завршувањето на училиштето.

## 1.4 Придобивки од кооперативната обука за претпријатијата

Нужноста за претпријатијата да ја обезбедат својата конкурентност води до следниот предизвик: Краткорочната цел да се одржуваат трошоците на ниско ниво вообичаено води кон ограничување на инвестициите во обука, додека притисокот да се биде во чекор со брзата промена на технологијата, конкуренцијата и иновациите налага на долг рок задолжително да се инвестира во вештини. Соочени со овој избор, честопати преовладуваат краткорочните согледувања и многу фирми, особено малите и средни претпријатија не учествуваат активно во реализацијата на стручно образование и обука.

Вообичаено претпријатијата се **воздржани** во однос на нивното учество во стручно образование и обука поради следното:

- Можно нарушување на производството додека времето на обучувачот е посветено на обука
- Недоволен квалитет во производството додека нов практикант учи како да ја врши работата
- Намалена продуктивностдодека практикантот стекнува нови вештини
- Дополнително време кое ќе биде посветено на надзор на обуката
- Опремата може да се оштети или со неа несоодветно да ракуваат неискусни практиканти
- Може да е потребна дополнителна опрема за обука за да не се наруши редовното производство
- Потребно е осигурување од незгода за практикантите
- Долготрајните обуки може да создадат дополнителни трошоци.

Претпријатијата можат да ги балансираат ваквите потенцијални негативни ефекти со суштинските **предности на кооперативната обука**, а тоа се следните:

1. *Независност*: Работодавачите може да се уверат дека практикантите стекнуваат практични вештини кои се важни за работното место и дека содржината на обуката е во согласност со нивните конкретни потреби. Со тоа претпријатијата не зависат од достапноста на квалификуван кадар на пазарот на трудот.
2. *Ангажирање:* Кооперативната обука обезбедува ефективен начин за ангажирање на квалификуван кадар. Запознавањето на практикантите за време на обуката обезбедува добра основа за одлуки за можно понатамошно вработување. Ќе се заштедат време и трошоци за надворешно ангажирање како и обука на работното место. Покрај тоа, ризикот за ангажирање на несоодветен кадар се намалува. Може да се избегне несовпаѓање помеѓу очекувањата на работодавачите и нивото на вештини на вработените.
3. *Развој на човечки ресурси:* Вработените од претпријатијата кои работат како обучувачи во претпријатието имаат можност да ги надоградат своите вештини пред да започнат со надзор на практикантите. Ова воедно поттикнува иновации и придонесува за развој на човечки ресурси во рамките на фирмата.
4. *Повисока продуктивност:* Кога практичната обука се одвива на работното место, практикантите активно придонесуваат за производството или реализацијата на услугата. Практикантите може да придонесат за пополнување на слободните работни места или други недостатоци на кадар во корист на претпријатието.
5. *Иновација:* Претпријатијата имаат придобивка од интеракцијата со институциите за обука, со што обезбедуваат можности за заедничка размена на знаења и пренос на технологија, што може да придонесе за технолошки развој и иновација на работниот процес во претпријатието.
6. *Углед на претпријатието:* Заложбите кои се посветени на обуката може да се користат за маркетиншки кампањи. Кооперативната обука може да биде дел од стратегија за корпоративна општествена одговорност на претпријатието и позитивно да влијае на реномето на претпријатието.

Земајќи ги предвид овие мотивирачки фактори, при дискусиите со претпријатијата треба да се стави акцент на придобивките за работодавачите од кооперативната обука бидејќи ова може да помогне да се добијат аргументи за нивно зголемено учество во стручното образование и обука.

## 1.5 Придобивки од кооперативната обука за Установите за стручно образование и обука

Во рамките на кооперативната обука, Установата за стручно образование и обука обезбедува средина во која може да се стекнат теоретско знаење и практични вештини кои се потребни за работната област и кои се одразени во стандардот на занимање.

**Установите за стручно образование и обука имаат придобивки** од учеството на претпријатијата во кооперативната обука преку следното:

1. *Мотивација:* Практикантите се помотивирани да учат бидејќи се свесни за она што го учат и за тоа како ќе ги применат теоретските концепти во нивната практична работа.
2. *Иновација:* Преку интеракцијата со претпријатијата, Установите за стручно образование и обука стануваат посвесни за промените на пазарот на трудот и за нивото на вештини кои се потребни во соодветното занимање. Наставниците по стручно образование остануваат во тек со технологиите, процесите и методите кои се применуваат на работната област. Покрај тоа, тие се предизвикани да ги споделуваат своето знаење и стручност со претпријатијата, особено со назначените обучувачи во претпријатието, давајќи им поддршка во спроведувањето на обуката.
3. *Квалитет на стручното образование и обука и углед:* Кооперативната обука придонесува за подобрување на квалитетот на обуката за време на процесот на обука и зголемување на резултатите од учењето на практикантите. Ова позитивно влијае на угледот на стручното образование и обука и реномето на соодветната установа за стручно образование и обука.
4. *Ефикасна употреба на ресурси:* Со оглед на фактот што делови од обуката се спроведуваат во претпријатијата, практикантите минуваат помалку време во установата за стручно образование и обука и без дополнителни физички, финансиски или човечки ресурси може да се обучуваат поголем број практиканти. Инвестициите во скапа механизација и/или лабораториска опрема во установите за стручно образование и обука може да се намалат кога практичната обука се врши во претпријатијата каде што е достапна ваквата опрема.

# 2 Чекори за спроведување на кооперативата обука

## 2.1 Преглед

За да постигнат успешна кооперативна обука, Установите за стручно образование и обука и претпријатијата треба да воспостават сигурни партнерства во форма на т.н. **конзорциуми за стручно образование и обука** со цел заеднички да обезбедат обука која е соодветна за работното место за практикантите од соодветната програма за кооперативна обука. Потребни се следните чекори за спроведување:

### ***1. Подготовка за кооперативната обука***

Забелешка: Чекорите 1 и 2 ќе се изведат во рамките на процесот на аплицирање. Сите следни чекори треба да се изведат по одобрувањето на предлозите со поддршка од Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ).

| Чекор \| Фаза | Препорачани одговорни лица | Проценето времетраење | Ресурси |
|---|---|---|---|
| 1. Идентификување на партнери за кооперативна обука (Установи за стручно образование и обука, претпријатија) | • Установи за стручно образование и обука кои ќе раководат и претпријатија - соработници | околу 1 месец (пред Изразувањето на интерес) | • Одговорни лица во Установите за стручно образование и обука |
| 2. Воспоставување на конзорциум за стручно образование и обука вклучително и развој на првична идеја за кооперативна обука, потпишување на Меморандум за разбирање и првично планирање на потребниот кадар | • Раководството на Установите за стручно образование и обука поддржано од координаторот за кооперативна обука<br>• Раководството на претпријатијата - соработници поддржано од страна на координаторите за кооперативна обука<br>• Можеби претставници на другите засегнати страни (пр. комора, здружение во секторот, ресорно министерство) | околу 1 месец<br>Меморандум за разбирање: дел од Изразувањето на интерес<br>Првично планирање на кадар: дел од предлогот | • Образец на Меморандум за разбирање |
| 3. Подготовка на Програма за кооперативна обука (План за кооперативна обука) со примена на постоечките стандарди на занимања и стандарди на квалификации | • Координатор за кооперативна обука на Установата за стручно образование и обука<br>• Координатори за кооперативна обука на претпријатијата - соработници<br>• Избрани наставници за стручно образование и обука<br>• Избран постар кадар на претпријатијата - соработници | околу 6 месеци (по одобрувањето на предлог) | • Постоечки стандарди на занимања, стандарди на квалификации и наставни програми на соодветното министерство кое е одговорно за стручното образование и обука |
| 4. Подготовка на материјали за обука | • Координатори за кооперативна обука на Установата за стручно образование и обука и претпријатијата - соработници<br>• Наставниците за стручно образование и обука од Установите за стручно образование и обука и обучувачи во претпријатијата - соработници | паралелно со чекор 3 (по одобрувањето на предлогот) | • План за обука за кооперативна обука |
| 5. Обука на координатори за кооперативна обука | • Координатори за кооперативна обука во Установата за стручно образование и обука и претпријатијата - соработници | 1 недела | • Надворешни обучувачи кои се назначени од страна на Регионалниот фонд за предизвици(РЦФ) |
| 6. Обука на наставници за стручно образование и обука од Установите за стручно образование и обука | • Координатор за кооперативна обука од Установата за стручно образование и обука<br>• Соодветни наставници за стручно образование и обука | 1 месец | • Претпријатија - соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Обука на обучувачот во претпријатието | • Координатор за кооперативна обука во претпријатието<br>• Обучувачи во претпријатието | 1 месец | • Обучувачи согласно Стандардот за стручен и друг кадар за практична обука<br>• Надворешни обучувачи кои се назначени од страна на Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ) |

## *2. Спроведување на кооперативата обука*

Забелешка: Сите чекори треба да се реализираат по одобрувањето на предлозите со поддршка од Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ).

| Чекор \| Фаза | Препорачани одговорни лица | Проценето времетраење | Ресурси |
|---|---|---|---|
| 1. Упис на практиканти за Програмата за кооперативна обука | • Администрацијата на Установата за стручно образование и обука<br>• Координатор за кооперативна обука од Установата за стручно образование и обука<br>• Евентуално координатори за кооперативна обука од претпријатијата - соработници | вообичаен период на упис: 1-2 месеци пред почетокот на Програмата за кооперативна обука | • не е достапно |
| 2. Склучување на договори за обука | • Координатори за кооперативна обука на Установите за стручно образование и обука + претпријатијата<br>• Запишани практиканти | паралелно со чекор 1 | • Образец на договор за обука |
| 3. Координирање на реализацијата на кооперативната обука | • Координатори за кооперативна обука на Установите за стручно образование и обука и претпријатијата - соработници<br>• Наставници за стручно образование и обука<br>• Обучувачи во претпријатието | период на обука (пр. 2 или 3 години) | • Наставни програми за кооперативна обука<br>• План за обука<br>• Материјали за обука |
| 4. Следење и процена на активностите за кооперативна обука и известување | • Координатори за кооперативна обука на Установите за стручно образование и обука и претпријатијата - соработници<br>• Наставници за стручно образование и обука, обучувачи во претпријатието<br>• Практиканти кои учествуваат | период на обука (пр. 2 или 3 години) | • Инструменти за следење и процена<br>• Обрасци за известување |

*3. Проценка и сертифицирање на кооперативната обука*

Сите чекори треба да се реализираат со поддршка од Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ).

| Чекор \| Фаза | Препорачани одговорни лица | Проценето времетраење | Ресурси |
|---|---|---|---|
| 1. Развој на алатки за проценка | • Раководството на Установите за стручно образование и обука<br>• Наставници за стручно образование и обука<br>• Обучувачи во претпријатието | приближно 1 месец | • Во согласност со националните прописи и насоки<br>• Примероци од производи на претпријатието |
| 2. Заедничка оценка на резултатите од учењето на кооперативната обука во Установите за стручно образование и обука и претпријатијата | • Оценувачи (наставници по стручно образование и обука, обучувачи во претпријатието, постар кадар)<br>• Доколку е потребно: вклучување на дополнителни оценувачи во согласност со националните прописи | приближно 1 месец | • Внатрешни прописи за проценка на партнерството за кооперативна обука<br>• Задачи за проценка<br>• Алатки за проценка на кооперативната обука |

Во следните поглавја детално се опишани сите наведени чекори за спроведување.

## 2.2 Подготовка за кооперативната обука

### 2.2.1 Идентификување на партнери за кооперативна обука за да се формира Конзорциум за стручно образование и обука

Како дел од првиот чекор по отпочнувањето на Регионалниот фонд за предизвици и повикот за предлози, Установите за стручно образование и обука и претпријатијата кои се заинтересирани за воведување на кооперативната обука ќе се здружат за да формираат **Конзорциум за стручно образование и обука**. Јасната посветеност за соработка од двете страни е важен предуслов за конзорциумот за стручно образование и обука.

### 2.2.2 Воспоставување на конзорциум за стручно образование и обука

Откако ќе се идентификуваат партнерите за соработка и откако тие го покажале својот интерес заеднички да спроведат кооперативна обука, од суштинско значење е да се појаснат улогите и одговорностите во рамките на Конзорциумот за стручно образование и обука. Треба да се осигура дека претпријатијата ќе преземат одговорност за конкретни фази/модули од обуката во претпријатието согласно Планот за кооперативна обука.

**Меморандум за разбирање**

Со цел да се регулираат главните улоги и одговорности во рамките на конзорциумот за стручно образование и обука, треба да се потпише Меморандум за разбирање, кој претставува рамковен договор на Установите за стручно образование и обука и претпријатијата. Меморандумот за разбирање ќе биде дел од Изразувањето на интерес кое ќе биде поднесено во наведениот временски рок.

Забелешка: Ќе биде обезбеден образец на Меморандум за разбирање како дел од Пакетот за апликација за грант на РЦФ.

**Првично планирање на потребниот кадар во рамките на Конзорциумите за стручно образование и обука**

*Претпријатија:*

Во рамките на конзорциумите за стручно образование и обука, од претпријатијата се очекува да преземат одговорности за одреден број практиканти во дефиниран временски период. Неопходно е да има достапни обучувачи во претпријатијата, опрема за обука и материјали за време на обуката во претпријатието. Претпријатијата кои се заинтересирани да пристапат кон конзорциумот за стручно образование и обука треба да ги земат предвид следните барања за кадар:

1. *Обучувачи во претпријатието:* Во идеални околности, обуката во претпријатијата се изведува во рамките на работниот процес/производството. Преку овој пристап, практикантот ефективно стекнува вештини кои се важни за работното место и се потребни во претпријатието. Додека работи заедно со квалификуваните работници, практикантот учи постепено да презема повеќе работа и самостојно да ги извршува поврзаните задачи. На крајот од обуката, практикантот ќе може самостојно и целосно да ги исполни налозите за производство или услуги.
2. *Координатор за кооперативна обука на претпријатието:* Претпријатието може да идентификува едно лице од својот кадар (од Човечки ресурси) кое ќе работи како координатор за кооперативна обука за претпријатието. Координаторот за кооперативна обука може да назначи и повеќе од еден обучувач коиќе му даваат инструкции на практикантот додека тој/таа ротира на различните работни места. Воедно, еден обучувач може да работи со повеќе од еден практикант во претпријатието.

Се претпоставува дека споменатиот кадар обично не е назначен на позицијата пред почетокот на Програмата за кооперативна обука. Оттука, достапниот кадар треба да се идентификува и обучи како дел од проектот за стручно образование и обука со поддршка од Регионалниот фонд за  предизвици (погледнете во деловите 2.2.4, 2.2.5).

*Установи за стручно образование и обука:*

За да се воведе кооперативната обука, потребно е да се дефинираат нови улоги и да се трансформираат постоечките улоги и во рамките на Установите за стручно образование и обука. Кооперативната обука може да ја спроведе постоечкиот кадар.

1. *Наставници по стручно образование и обука:* Наставниците по стручно образование и обука вообичаено треба да стекнат дополнителни вештини кои се важни за работното место со цел да работат како компетентни наставници во рамките на Програмата за кооперативна обука. Таквата обука на работното место за наставниците по стручно образование и обука (стажирање во претпријатија - соработници) ќе се смета за дел од проектот за стручно образование и обука и може да се поддржи од РЦФ.
2. *Координатор за кооперативна обука:* Тој/таа ќе работи како главен организатор на подготовката, спроведувањето и проценката на кооперативната обука во Установата за стручно образование и обука. Оттука, позицијата на координаторот за кооперативна обука се смета за стратешка. Негова/нејзина одговорност е да пристапи до потенцијалните партнерски претпријатија и да ги запознае  со пристапот на кооперативната обука. Откако ќе се воспостави партнерството за кооперативна обука, Координаторот за кооперативна обука блиску комуницира со координаторите за кооперативна обука на претпријатијата - соработници.

Се претпоставува дека координаторите за кооперативна обука не се назначени на позицијата пред почетокот на Проектот за кооперативна обука во Установите за стручно образование и обука. Оттука, треба да се избере од постоечкиот персонал кои ќе бидат ангажирани како координатори за кооперативна обука и треба да се назначат наставници за стручно образование и обука како наставници за кооперативна обука во рамките на програмата за кооперативна обука. Целиот избран кадар треба да биде обучен пред спроведувањето на програмата за кооперативна обука со поддршка  од Регионалниот фонд за  предизвици (погледнете во деловите 2.2.4, 2.2.6).

## 2.2.3 Развој на програмата за кооперативна обука

Следно  се прикажани потребните чекори за развој на програма за кооперативна обука. Преку чекорите се осигурува програмата за кооперативна обука да покаже голема релевантност на барањата на работното место, флексибилност во спроведувањето и усогласување со меѓународните стандарди.

**План за кооперативна обука**

Планот за кооперативна обука треба да се развие врз основа на националните прописи, постоечкиот стандард на занимање, стандардот за квалификација и насоките за наставната програма на соодветното министерство кое е надлежно за стручното образование и обука.

Програмата за обука треба да биде структуирана во јасна низа од фази/модули на обука, кои се извршуваат во установата за стручно образование и обука и претпријатијата. Таа содржи теоретски и практични елементи на учењето. Обично теоретските и основните практични модули се изучуваат во Установата за стручно образование и обука, додека поспецијализираните практични модули за обука соодветно се вршат во претпријатието. Планот за обука ги вклучува опсегот, времетраењето и времето на секој модул, како и очекуваните резултати од учењето согласно стандардот на квалификација. Јасно се дефинирани конкретните резултати на учењето (ниво на компетенции кои ќе се постигнат) по модул. Модулите за обуката во претпријатието може да се спроведат како еден блок за секоја година на обука или да се структуираат на неколку делови за обука во текот на годината. Дали ќе биде соодветен еден блок за обука или неколку делови за обука зависи од квалификацијата и внатрешната работна организација на претпријатијата.

Во однос на фазите за обука во претпријатието, планот за обука содржи број и лични податоци на практикантите кои учествуваат (кои се разликуваат според претпријатието), како и потребно ниво на вештини кои практикантите треба да го имаат стекнато пред да започнат со соодветните фази на обука во претпријатието.

*Време за обука:*

Обуката треба да се подели на: (1) време за теоретска настава во училница, (2) време за обука за практични вештини во работилниците на установата, и (3) време за обука поврзана со работниот процес во претпријатието. За да бидат подобни за поддршка од страна на РЦФ, вкупните фази за обука во претпријатието треба значително да се зголемат и идеално да достигнат 25%од целокупното времетраење на обуката. Поголемиот удел ќе има предност и ќе придонесе за повисоко оценување на соодветниот предлог проект.

Забелешка: По одобрувањето на предлозите, Регионалниот фонд за  предизвици ќе обезбеди советодавна поддршка/дополнителна обука за тоа како да се изработи план за кооперативна обука. Конкретната советодавна поддршка ќе се разликува во зависност од поддржаниот проект за кооперативна обука согласно потребите кои се формулирани во предлозите.

**Подготовка на материјалите за обука и инструменти за следење**

*Материјали за обука*

Како дел од развојот на Програмата за кооперативна обука, потребни се соодветни наставни материјали и материјали за обука за најдобро да се прикажат содржините на обуката. Може да се прилагоди достапниот материјал или да се изработи нов материјал за да се исполнат барањата на кооперативната обука. Материјалите за обука и учење вообичаено вклучуваат печатени материјали и насоки за секој модул за обука, кои соодветно се разликуваат, за употреба од страна на наставниците по стручно образование и обука и од практикантите. Не треба да се занемарат заложбите за изработка на нови материјали за обука.

Материјалите за обука кои вообичаено се користат во услови на обука во установа честопати не се соодветни за намената на обуката во работниот процес во рамките на едно претпријатие. Процесот на обука на работното место може да се утврди однапред само во одредена мера бидејќи треба да се прилагодува на реалните барања на производството на дневно ниво. Оттука, материјалите за обука кои се користат во установата и во претпријатијата би можеле да се разликуваат според типот и деталите.

*Инструменти за следење*

Спроведувањето на фазите на обука во претпријатието изискува воспоставување на стабилни механизми за следење со кои се потврдува дека договорениот квалитет на обуката е исполнет. Инструментите за следење за кооперативната обука обично вклучуваат:

- Дневник за обука (за практикант по кооперативна обука)
- Извештај за завршување на модулот за обука во претпријатието (за практикант по кооперативна обука)
- Бележник и неделен извештај (верзија за обучувачот во претпријатието)
- Бележник и неделен извештај (верзија за наставник по стручно образование и обука)
- Прашалник за процена на модулот за обука во претпријатието (верзија за претпријатие)
- Прашалник за процена на модулот за обука во претпријатието (верзија за практикант).

Забелешка: По одобрувањето на предлозите, Регионалниот фонд за предизвици може да обезбеди советодавна поддршка/дополнителна обука за тоа како да се изработат материјали за обука и инструменти за следење. Конкретната советодавна поддршка може да се разликува во зависност од поддржаниот проект за стручно образование и обука согласно потребите кои се формулирани во предлозите.

### 2.2.4 Обука на координатори за кооперативна обука

Во рамките на кооперативната обука важна улога ќе има т.н. координатор за кооперативна обука. Во фазата на подготовка на проектите за кооперативна обука треба да се обезбеди кадар назначен како **координатори за кооперативна обука на претпријатието** кој ќе ги има следните одговорности:

- Да соработува со персоналот од Установата за стручно образование и обука за изработка и потврда на планот за обука во кој, помеѓу другото, прецизно се утврдени местата за обука
- Да го олесни потпишувањето на Меморандумот за разбирање од страна на претпријатието
- Да препорача назначување на обучувач/и од претпријатието
- Да го координира спроведувањето на планот за обука со сите засегнати оддели
- Да го следи и проценува постигнувањето на практикантите
- Да му препорача на раководството одредени дисциплински постапки таму каде што е потребно
- Да го процени нивото на вештини кое го стекнале практикантите за време на обуката
- Да одржува редовна комуникација со координаторот за кооперативна обука и наставниците за стручна обука и образование во Установата за стручно образование и обука за повратни информации и новости.

Воедно персоналот назначен како **координатори за кооперативна обука** од **Установите за стручно образование и обука** треба да биде обучен за да ги исполни следните одговорности:

- Да ја поттикнува и подига свеста за предностите на кооперативната обука во претпријатијата
- Да го координира уписот на нови практиканти, доколку тоа е потребно, во соработка со партнерските претпријатија
- Да ја олесни изработката и потврдата на планот за обука од страна на поголемите партнери
- Да се одредат распоредите на часовите, усогласени со планот за обука

- Да се олесни потпишувањето на Меморандумот за разбирање
- Да се распоредат практикантите во партнерските претпријатија - соработници
- Да ги посети партнерските претпријатија за да ги следи и процени постигнувањата на практикантите и да добива повратни информации од координаторот за обука
- Да ги следи постигнувањата на практикантите со спроведување на редовни посети во партнерските организации, да ги проверува регистрите на практикантите (дневник за обука), да добива неделни повратни информации директно од практикантите и да ги советува практикантите за прашања кои се однесуваат на обуката.

Забелешка: По одобрувањето на предлозите, Регионалниот фонд за предизвици ќе обезбеди поддршка за дополнителна обука на персоналот кој е назначен како координатори за кооперативна обука. Конкретната поддршка може да се разликува во зависност од поддржаниот проект за кооперативна обука согласно потребите кои се формулирани во предлозите.

## 2.2.5 Дополнителна обука на обучувачи во претпријатијата

Друга важна улога во кооперативната обука има **обучувачот во претпријатието**. Обучувачот во претпријатието е одговорен за практичната обука на практикантите на работното место. Оваа улога обично ја вршат искусни вработени, техничари или надзорници за производство кои треба да се обучат за преземање на дополнителната задача во рамките на обуката во претпријатието. Задачите и должностите на обучувачот во претпријатието може да се резимираат на следниот начин:

- Да ги води практикантите низ практичните вежби од програмата за обука
- Да го следи процесот на учење со користење на бележници и дневници за обука
- Да ги проценува резултатите од учењето на практикантите преку неделни извештаи наспрема дефинирани критериуми за оценување
- Да обезбедува постојан проток на информации помеѓу претпријатието и наставникот во установата
- Да врши конечна проценка на резултатите од учењето на практикантите следејќи го концептот на проценка на кооперативната обука.

Со оглед на фактот што обучувачите во претпријатието имаат опсежно практично работно искуство и поседуваат доволно технички вештини, обуката на обучувачите во претпријатието ќе се сосредоточува на стекнување на педагошки/дидактички компетенции. Тие треба да им овозможат на обучувачите во претпријатието професионално да ја планираат, спроведуваат, надгледуваат и контролираат обуката на работното место согласно планот за обука.

Координаторот за кооперативна обука на претпријатието може да назначи повеќе обучувачи кои ќе им даваат упатства на практикантите додека тие се менуваат низ различните работни места. Еден обучувач во претпријатието може да работи со повеќе од еден практикант во претпријатието. Во принцип, секој доброквалификуван член на постариот персонал кој учествува во кооперативната обука, може да биде ангажиран како обучувач на практикантите.

Со цел да се обезбеди квалитет на обуката во претпријатието, доброквалификуваните и искусни техничари и/или надзорници на производство се поттикнати да ја преземат улогата на обучувачи во претпријатието. Сепак, соодветните членови на персоналот мора да поседуваат доволно лични, технички и педагошки компетенции за да ја надгледуваат обуката на практикантите во рамките на кооперативната обука:

1. *Техничка компетентност* значи дека обучувачот има завршено програма за стручна обука за занимањето или во сродно поле и дополнително има стекнато важно работно искуство во соодветното поле. Покрај тоа, обучувачот треба да поседува доволно знаење за барањата за безбедност и здравје при работа и заштита на животната средина.
2. *Лична компетентност* значи дека обучувачот има позитивни работни вредности и е продуктивен, иновативен, доверлив, ориентиран на времето, загрижен за квалитетот и мотивиран.

3. *Педагошка компетентност* значи дека обучувачот има реализирано обука за ментор со која добива сертификат за ментор. Обучувачот има способност да пренесе знаење на практикантите и да го поттикне развојот на нивните компетенции. Конкретно обучувачот треба да изработи план за обука во согласност со  наставната програма или посебната програма (поддржан од наставниците од Установата за стручно образование и обука) и да се увери дека планот се почитува во текот на процесот на обука.

Вообичаените должности и задачи кои ги имаат обучувачите во претпријатието се наведени во табелата:

| **Должности** | **Задачи** |
|---|---|
| Да ја поддржи изработката на планот за обука (со координаторот за кооперативна обука) | • Идентификување / утврдување на барањата за обука<br>• Проверка на условите за обука во претпријатието и верификација на претпријатието за реализација на практична обука<br>• Подготовка на план за спроведување |
| Подготовка на процесот на обука | • Подготовка на план и програма за обука во претпријатието врз основа на план за обука и наставнниот план и програма<br>• Подготовка на наставни инструменти / средства<br>• Подготовка на работен уред(и) |
| Спроведување на процесот на обука | • Создавање на активна средина за учење<br>• Спроведување кратка обука на практикантите за безбедност и заштита при работа<br>• Спроведување на процесот на обука согласно наставниот план и програма<br>• Управување со процесот на учење |
| Проценка на резултатите од учењето | • Подготовка на план за процена<br>• Развој на алатка(и) за процена<br>• Спроведување на план за процена |
| Разработка на извештајот за обука | • Подготовка на извештај за процесот на обука<br>• Стекнување на искуство за обука<br>• Предлог мерки за подобрување на квалитетот на обуката<br>• Водење документацијата на практикантите |

Улогата на обучувачите во претпријатието е новитет за повеќето претпријатија и можеби не постојат стандарди за нивната работа во поголем дел од шесте држави од Западен Балкан (т.н.ЗБ6). Сепак, доколку постојат такви стандарди, соодветните барања ќе се земат предвид во понатамошната обука на обучувачи во претпријатието.

Забелешка: По одобрувањето на предлозите, Регионалниот фонд за предизвици ќе обезбеди поддршка за дополнителна обука на кадар кој е назначен како обучувачи во претпријатието. Конкретната поддршка може да се разликува во зависност од поддржаниот проект за кооперативна обука согласно потребите кои се формулирани во предлозите.

## 2.2.6 Дополнителна обука на наставници за стручно образование и обука

Во делот на Установите за стручно образование и обука, наставниците кои се назначени како „наставници за кооперативна обука“ треба да се оспособени да ги извршуваат своите дополнителни одговорности кои обично се состојат од следното:

- Да обезбедат обука на практикантите за безбедност и заштита при работа пред да се вклушат во обуката на работно место во претпријатијата.
- Да вршат практична обука која соодветствува на практичната обука во претпријатијата и која ги пополнува празнините помеѓу барањата за компетенции кои се дефинирани во наставните програми и обуката во партнерските претпријатија, во случај кога поединечните претпријатија од конзорциумите за стручно образование и обука самостојно не може да ги обезбедат овие делови за обука (големината на претпријатието може да биде ограничувачки фактор не само во однос на бројот на места за обука, туку исто така и во однос на опсегот и содржината на понудената практична обука).
- Да ги следат постигнувањата на практикантите.

Оттука, неопходно е следното:

- Многу добро да ги познава работните/производствените процеси во партнерските претпријатија,
- Одблиску да се координира со партнерските претпријатија и да го следи напредокот во учењето на практикантите во постојана комуникација со обучувачите во претпријатието (редовни посети на претпријатието, проверка на регистрите на практикантите (дневник за обука), да добива неделни повратни информации директно од практикантите).

Со цел да им се овозможи на наставниците по стручно образование и обука да ги извршуваат овие одговорности и задачи, потребна е дополнителна обука која ги подобрува нивните практични компетенции, особено компетенциите во врска со работното место и ги запознава со работните/производствените процеси во претпријатијата.

Забелешка: Концепт за дополнителна обука на наставници по стручно образование и обука на работното место (во претпријатија - соработници) ќе биде дел од предлог проектот на соодветниот конзорциум за стручно образование и обука. Регионалниот фонд за предизвици рефундира надоместоци (за превоз и храна) за наставници по стручно образование и обука кои стажираат/дополнително практично се обучуваат во партнерското претпријатие.

## 2.3 Спроведување на кооперативната обука

### 2.3.1 Упис на практиканти во Програмата за кооперативна обука

Штом Програмата за кооперативна обука е целосно подготвена, практикантите може да се запишат. Веројатно е дека претпријатијата - соработници сакаат да учествуваат во изборот на практиканти со цел да избегнат практиканти кои би се однесувале несоодветно доколку бидат поставени на одредено работно место во нивното претпријатие. Доколку претпријатијата побараат да учествуваат во изборот на практиканти, Установата за стручно образование и обука треба да го почитува ова и вклучените страни треба да ги договорат соодветните процедури за ангажирање.

### 2.3.2 Склучување на Договори за обука

Во текот на процесот на упис, ќе биде неопходно да се склучат т.н. Договори за обука за конкретната Програма за кооперативна обука. За секое претпријатие и за практикантите кои се доделени на ова претпријатие треба да се подготват договори за обука. Следствено на тоа, голем број договори за обука ќе бидат склучени во рамките на Конзорциумот за стручно образование и обука. Во идеални услови, Договорот за обука ќе биде дизајниран како трипартитен договор кој ќе биде склучен помеѓу Установата за стручно образование и обука, претпријатието и практикантот. Во овој случај, со Договорот за обука би биле прецизирани одговорностите и задачите на сите три страни.

Следниот список опфаќа преглед на теми кои треба да се опфатени со Договорот за обука:

1. *Општи податоци*

- Назив на Програмата за кооперативна обука
- Имиња и релевантни биографски податоци на практикантите кои учествуваат
- Редослед и времетраење на фазите на обука во установата и во претпријатието

2. *Одговорности на претпријатието:*

- Практично водење на практикантите во текот на фазите на обука во претпријатието и следење на процесот на учење, координирајќи се со координаторот за кооперативна обука на установата и вклучените наставници за стручно образование и обука
- Координирање на работите околу  практикантите
- Обезбедување осигурување од незгода за практикантите
- Износ на надоместок за практикант кој се плаќа за време на фазите на обука во претпријатието

3. *Одговорности на Установата за стручно образование и обука:*

- Координирање на спроведувањето на Планот за кооперативна обука во претпријатието
- Поддршка на обучувачите во претпријатието од педагошки аспект
- Координирање со обучувачите во претпријатието за да се проценат резултатите од учењето на учениците
- Координирање за навремено насочување на практикантот со цел да се обезбеди дисциплина (доколку има)

4. *Права и обврски на практикантот:*

- Почитување на внатрешните прописи/инструкции на претпријатието, одговорност за потенцијални штети
- Износ на надоместок или друга добиена поддршка, како што е оброк/ручек од претпријатието
- (доколку е договорено) Прописи да остане во претпријатието одреден период по завршувањето на училиштето

5. *Следење, процена и координирање на кооперативната обука:*

- Средства за следење и процена за време на спроведувањето на Програмата за кооперативна обука
- Известување, механизми за координација, вклучително распоред на состаноци во рамките на Конзорциумот за стручно образование и обука

6. *Механизми за плаќање*

- Договорени износи и време на плаќање

Забелешка: Регионалниот фонд за предизвици по одобрувањето на предлог проектот ќе обезбеди образец на Договор за обука како дел од пакетот за поддршка.

## 2.3.3 Координирање на реализацијата на кооперативната обука

Програмата за кооперативна обука која ги вклучува и двете фази на обука, во установата и во претпријатието, ќе се спроведе во согласност со заеднички договорен план за обука. Сепак, треба да постои можност за прилагодување на времето на фазите за обука во претпријатието со цел да се реагира на потенцијалните максимални вредности на производството или други барања, што би можело да биде важно за претпријатијата.

Во текот на севкупната Програма за кооперативна обука (пр. 2 или 3 години), ќе се одржуваат редовни координативни средби на конзорциумите за стручно образование и обука со цел да се следат процесите за обука и да се договорат корективни постапки за дополнително да се подобри квалитетот на обуката (доколку е неопходно). На координативните средби ќе присуствуваат Установите за стручно образование и обука и сите претпријатија - соработници кои се вклучени во рамките на Програмата за

кооперативна обука. Распоредот на редовните средби соодветно ќе ги следи постигнатите договори, согласно Меморандумот за разбирање или договорите за обука.

Покрај редовните средби на ниво на конзорциуми за стручно образование и обука, предвидени се и *ad hoc* средби доколку е неопходно за да се појаснат специфичните прашања кои би можеле да бидат од значење.

### 2.3.4 Следење и процена на активностите за кооперативна обука и известување

Во насока на следење и процена, достапни се низа инструменти (предвидени како Анекс кон овој документ). Се препорачува користење на готови обрасци и доколку е неопходно нивно прилагодување кон индивидуалните потреби.

За проценката на резултатите од учењето на практикантите за време на модулите за практична обука изготвени се голем број критериуми кои ќе се користат во рамките на активностите за следење и проценка поврзани со кооперативната обука:

1. *Дневник за обука*: дневникот треба да го води практикантот за време на обуката во претпријатието. Тој треба да е потпишан и од другата страна, односно „обучувачот од претпријатието" и наставникот од Установата за стручно образование и обука.
2. *Извештај за завршување на модулот во претпријатието*: Практикантот треба да го напише извештајот и тој треба да е потврден со потпис на „обучувачот од претпријатието",
3. *Бележник и неделен извештај* (верзија за обучувач во претпријатието): Треба да ги води обучувачот во претпријатието,
4. *Бележник и неделен извештај* (верзија за наставник од Установата за стручно образование и обука): Треба да ги води наставникот од Установата за стручно образование и обука,
5. *Формулар за процена на специфичниот модул* (верзија за претпријатие): Го пополнуваат обучувачите во претпријатието и извршното раководство на претпријатието,
6. *Формулар за процена на специфичниот модул* (верзија за практикант): Го пополнува практикантот.

Врз основа на овие инструменти за следење и процена, координаторот за кооперативна обука од установата може да го разработи Извештајот за следење и процена за секоја завршена фаза на обука во претпријатието. Овој Извештај за следење и процена ќе биде презентиран и ќе биде тема на разговор за време на редовните координативни средби во рамките на Конзорциумите за стручно образование и обука.

Забелешка: По одобрувањето на предлозите, Регионалниот фонд за предизвици ќе обезбеди советодавна поддршка/дополнителна обука за тоа како да се развијат и применат инструментите за следење и процена. Советодавната поддршка може да се разликува во зависност од поддржаниот проект за кооперативна обука согласно потребите кои се формулирани во предлозите.

## 2.4 Проценка и сертифицирање на кооперативната обука

Завршниот испит е последниот чекор од еден период на обука или целосната програма за обука. Проценката на резултатите од учењето ќе се изврши во два дела, кои се идеално утврдени по приоритет во партнерските претпријатија. Резултатите од завршните испити ќе ги одразуваат знаењето, вештините и ставовите на секој практикант во однос на соодветниот стандард на занимање. Оттука, завршниот испит не е само цел на обуката, туку исто така и корисна алатка за проценка на квалитетот на обуката. Во контекст на спроведувањето на кооперативната обука во рамките на конзорциумите за стручно образование и обука, завршниот испит *во претпријатието* воедно ја покажува ефективноста на активностите за кооперативна обука.

## 2.4.1 Развој на алатки за проценка

Алатките за проценка треба да овозможат проценка на резултатот од учењето. Оттука, тие треба да го отсликуваат нивото на потребни компетенции согласно стандардот на занимање и стандардот на квалификација.

Треба да се почитуваат и прилагодат упатствата за спроведување на испит и сертифицирање кои се достапни за соодветните квалификации обезбедени од министерствата кои се надлежни за стручно образование и обука во државите од Регионалниот фонд за предизвици.

Реалните барања на проценката на практични вештини може да се резимираат со пет критериуми:

1. *Квалитет на производот или извршената услуга:* Повикувајќи се на постигнувањето на техничките параметри на готовиот производ или извршената услуга од страна на практикантот, врз основа на барањата кои се дефинирани согласно испитната задача. Врз основа на нивоата на
2. важност на секој потребен параметар, проценителите ќе дадат поени по компоненти за соодветните нивоа. Овој критериум треба да се нагласи заедно со компетентноста на практикантите во поглед на професионалното однесување, вештините и искуството.
3. *Време:* Ова е реалниот временски период кој го користи практикантот за извршување на практичната обука, кој се пресметува од моментот на предавање на испитните задачи на практикантот до моментот кога практикантот го предава готовиот производ или услуга и соопштува завршувањето на проценката. Овој критериум треба да се нагласи кон крајот на обуката, заедно со компетентноста на практикантот во поглед на професионалното однесување, вештините и искуството.
4. *Безбедност при работа, чистење и заштита на животната средина:* Овој критериум ќе се проценува во однос на:
    - Носење на заштитна опрема и користење на безбедносни алати и уреди колку што е потребно
    - Почитување на соодветните инструкции и процедури за време на работата на машини, опрема и алати
    - Одржување на чисто работно место и примена на мерки за заштита на животната средина.
5. *Точност на процесот на производство:* Овој критериум се проценува повикувајќи се на точноста и вештината на процесот на производство. Економичноста и соодветноста на користените алати, опрема и под-материјали, точноста на процесот на производство.
6. *Работно уредување:* Овој критериум се проценува во однос на:
    - Работењето на испитната задача со следење на конкретен план или процедури
    - Средување и напуштање на уредно и чисто работно место. но.

Забелешка: По одобрувањето на предлозите, Регионалниот фонд за предизвици ќе обезбеди советодавна поддршка/дополнителна обука за тоа како да се развијат и применат алатките за проценка. Советодавната поддршка може да се разликува во зависност од поддржаниот проект за кооперативна обука согласно потребите кои се формулирани во предлозите.

## 2.4.2 Заедничка проценка на резултатите од учењето на кооперативната обука

Во согласност со општите прописи за испитување, раководството од Установата за стручно образование и обука треба да донесе одлука за воспоставување на тим за развој на проценката. Членовите на тимот вклучуваат раководители и наставници кои имаат опсежно знаење и професионални вештини за односното занимање.

Наставникот за стручно образование и обука кој учествува во кооперативната обука, обучувачите во претпријатието и постариот кадар на партнерските претпријатија треба да се назначени како проценители. Треба да се провери дали здруженијата од секторот ќе стават на располагање дополнителен надворешен експерт за заедничката проценка на кооперативната обука.

Врз основа на производите кои се достапни и се воведени од страна на претпријатијата, тимот кој е задолжен за развој на проценката ќе ги избере соодветните ставки за изработка на проценката следејќи го форматот кој е претходно доставен на практикантите. Практичната проценка ќе го вклучува толкувањето на проценката според договорениот формат и спецификацијата (пр. техничките цртежи) на тестираниот производ или услуга која треба да се обезбеди во рамките на практичната проценка.

Забелешка: По одобрувањето на предлозите, Регионалниот фонд за предизвици ќе обезбеди советодавна поддршка/дополнителна обука за тоа како да се развијат и применат алатките и процедурите за проценка. Конкретната советодавна поддршка може да се разликува во зависност од поддржаниот проект за кооперативна обука согласно потребите кои се формулирани во предлозите.

### 2.4.3 Формално сертифицирање на квалификацијата

Секој корисник ќе добие официјален сертификат во согласност со соодветните национални прописи. Копии од издадените сертификати треба да бидат достапни на Регионалниот фонд за предизвици како доказ за успешно завршување на програмата за кооперативна обука.